РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2209/7
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-2209/1 од 15.06.2026 година, оформен по доставена пријава во која се изнесени наводи за сомневања за незаконитости во постапка за уривање на времен објект – барака, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган (Управен суд на РСМ).

Предметот со бр. 12-2209/1 од 15.06.2026 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 15.06.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневања за незаконитости во постапка за уривање на времен објект – барака и оформен е предмет бр. 12-2209/1 од 15.06.2026 година. Подносителот на пријавата укажува на незаконитости во постапка за уривање на неговата барака, која се наоѓа на КП ---- КО ----, на спој со улиците ---- и ----, пред станбен објект – зграда која се наоѓа на КП ---- КО ----.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ----.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Основениот суд ----, известува дека врз основа на доставено барање до овластен градежен инспектор, за отстранување на времени објекти заради реализација на Детален урбанистички план со бр. ---- година издадено од Градоначалник на Општина ----, а согласно Законот за градење и Законот за инспекциски надзор започната е инспекциска постапка за отстранување на времените објекти. Од страна на овластен градежен инспектор на Општина ---- излезено е на лице место за вршење на вонреден инспекциски надзор. Посочениот времен објект се наоѓа на КП ---- КО ----, на спој со улиците ---- и ---- пред станбен објект-зграда со КП ---- КО ----. При вршењето на надзорот на лице место е затечен субјектот на надзор, на која и била дадена покана за вршење на инспекциски надзор, која истата одбила да ја прими. Од таа причина на стаклениот портал до влезната врата беше залепена поканата со која се повика субјетот на надзор да дојде во просториите на Одделението за инспекциски надзор при Општина ---- во 11 часот на ден ----.---- година. Од причина што субјектот на инспекцискиот надзор не дојде на посоченото место во определениот термин, инспекцискиот надзор е извршен без негово присуство во просториите на Одделението за инспекциски надзор при Општина ----, односно е составен записник. Истиот е доставен по пошта до субјектот на надзорот на негово запознавање и потпишување.
По изминатите рокови за потпишување на записникот, донесено е Решение ИП1 бр. ---- од ---- година, кое е исто така доставено до субјектот на надзор по пошта. Со горенаведеното решение се наредува субјектот на надзор да ги отстрани неправилностите утврдени во Записник ИП1 бр. ---- ---- година, односно да ја отстрани градбата на времен објект, којшто бил поставен на земјиште во сопственост на РСМ.
Исто така до Општина ---- е доставена покана за одговор на тужба од Управен суд У-3.бр. ---- во врска со издадениот записник од овластен градежен инспектор.
Општина ---- дополнува и дека согласно горенаведеното, инспекциската постапка по горенаведениот предмет сеуште не е завршена, односно истата е во тек.

ДКСК утврди дека за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен органи (Управен суд на РСМ).
Дополнително, против Решение за отстранување на градба ИП1 бр. ---- од ---- година, во правната поука е предвидено право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија, ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА, Скопје, Shkup, KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT, Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. Член/Anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата